ОПШТИНА КАРПОШ
**Одделение за поддршка и организација на работата на Советот**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

# ЗАПИСНИК
## од 58 (педесет и осма) редовна седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 декември 2024 година (вторник)

Педесет и осма седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 17 декември 2024 година (вторник), со почеток во 10.10 часот, во просториите на Универзитетот за туризам и менаџмент – Скопје.

Врз основа на евиденцијата, на почетокот Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 23 членови на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Добрила Андоновска, Зоран Краљевски, Убавица Игнатовска, Предраг Станковски, Адријана Јакимовска Панчевска, Александар Илиески, Христо Саракинов, Виолета Куновска, Владимир Бислимовски, Марин Докузовски, Дејан Лазаревски, Гордана Ивановски Велковска, Мартин Димоски, Бранко Ристов, Ивана Петковска, Славко Митевски, Невена Георгиевска, Татјана Стојановска, Давор Грче, Јахји Мемедов, Александра Антевска, Наталија Спировска и Благица Цветановска.

На 58. седница на Советот присуствуваше Секретарот на Општина Карпош Весна Стефанова, како и раководители на сектори од Општината, со цел да ги образложат предложените акти, доколку за тоа се јави потреба.

На 58.седница присуствуваше и Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски.

Претседателот на Советот, согласно член 39 од Законот за локална самоуправа, член 16 од Статутот на Општина Карпош и член 59 од Деловникот на Советот на Општина Карпош ја отвори 58. седница на Советот на Општина Карпош по што се интонираше химната на Република Северна Македонија.

## ПРЕДЛОГ – ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог-Програма за урбанистичко планирање за 2025 година
2. Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година
3. Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетската ефикасност за 2025 година;
4. Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2025 година;

5. Предлог-Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година;
6. Предлог-Програма за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година;
7. Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2025 година;
8. Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2025 година;
9. Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година;
10. Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2025 година;
11. Предлог-Програма за активностите во областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2025 година;
12. Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2025 година;
13. Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2025 година;
14. Предлог-Програма за одбележување на 49-годишнината од формирањето на Општина Карпош;
15. Предлог-Програма за уривање на објекти кои се бесправно изградени на територија на Општина Карпош и асистенција за 2025 година
16. Предлог-Буџет на Општина Карпош за 2025 година;
17. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година;
18. Предлог-Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2025 година
19. Предлог-Одлука за вредноста на бодот на платите на државните службеници за 2025 година;
20. Предлог-Буџетски календар за 2025 година,
21. Предлог-Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош за 2025 година
22. Предлог-Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош за 2025 година
23. Предлог-Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисијата за доделување на еднократна парична помош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година

24. Предлог-Решение именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисија за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година
25. Предлог-Решение за именување-верификација членови на Советот на Општина Карпош за членови во Комисијата за Карпошово културно лето 2025, Еднократна финансиска поддршка за културни активности и Финансиска поддршка за проекти од културата за 2025 година
26. Предлог-Решение за именување - верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за членови во Комисијата за Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение, Еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација и Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош за 2025 година
27. Предлог-Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисијата за активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2025 година

28. Предлог-Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисијата за активности на Општина Карпош од областа на образованието за награда за најдобро уреден ЕКО училишен двор/катче за 2025 година

29. Предлог-Одлука за прифаќање движни ствари на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија - Министерство за образование и наука за потребите на ООУ „Петар Поп Арсов", Општина Карпош Скопје

Претседателот ги извести членовите на Советот дека се повлекува 1.точка од дневниот ред бидејќи материјалите за неа биле испратени со 2 дена задоцнување од предвидениот законски рок.

За збор се јави Градоначалникот кој предложи да се додаде точка на дневниот ред со која ќе се упати осуда до новинарот Миленковски, за говорот на омраза упатен до Татјана Стојановска член на Советот на Општина Карпош.

Претседателот на Совет, предложи предлог – заклучукот за осуда да биде точка бр.1 на предложениот дневен ред.

Претседателот на Совет го стави на гласање предлог – заклучокот.

По спроведеното гласање, едногласно со 23 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ се усвои Предлог – заклучокот да биде точка бр.1 на дневниот ред.

Претседателот на Совет го стави на гласање следниот изменет

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **Предлог-Заклучок**
2. **Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година**
3. **Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетската ефикасност за 2025 година;**
4. **Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2025 година;**
5. **Предлог-Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година;**
6. **Предлог-Програма за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година;**
7. **Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2025 година;**
8. **Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2025 година;**
9. **Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година;**
10. **Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2025 година;**
11. **Предлог-Програма за активностите во областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2025 година;**
12. **Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2025 година;**
13. **Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2025 година;**
14. **Предлог-Програма за одбележување на 49-годишнината од формирањето на Општина Карпош;**
15. **Предлог-Програма за уривање на објекти кои се бесправно изградени на територија на Општина Карпош и асистенција за 2025 година**
16. **Предлог-Буџет на Општина Карпош за 2025 година;**
17. **Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година;**
18. **Предлог-Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2025 година**
19. **Предлог-Одлука за вредноста на бодот на платите на државните службеници за 2025 година;**

20. **Предлог-Буџетски календар за 2025 година,**
21. **Предлог-Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош за 2025 година**
22. **Предлог-Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош за 2025 година**
23. **Предлог-Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисијата за доделување на еднократна парична помош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година**
24. **Предлог-Решение именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисија за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година**
25. **Предлог-Решение за именување-верификација членови на Советот на Општина Карпош за членови во Комисијата за Карпошово културно лето 2025, Еднократна финансиска поддршка за културни активности и Финансиска поддршка за проекти од културата за 2025 година**
26. **Предлог-Решение за именување - верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за членови во Комисијата за Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение, Еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација и Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош за 2025 година**
27. **Предлог-Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисијата за активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2025 година**

28. **Предлог-Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисијата за активности на Општина Карпош од областа на образованието за награда за најдобро уреден ЕКО училишен двор/катче за 2025 година**

29. **Предлог-Одлука за прифаќање движни ствари на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија - Министерство за образование и наука за потребите на ООУ „Петар Поп Арсов“, Општина Карпош Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по првата предложена точка.

1. **Предлог-Заклучок**

За збор се јави Татјана Стојановска член на Советот која се заблагодари до сите членови на Советот кои изразија поддршка во однос на недоличниот статус на социјалната мрежа

фејзбук на новинарот Миленковски кој ја коментирал на вулгарен начин користејќи говор на омраза.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори

претресот и предлог точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање, едногласно со 23 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ се усвои Предлог – заклучокот.

2. **Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година**

Претседателот на Совет го повика претседателот на Комисијата за урбанизам Зоран Краљевски, да даде извештај од одржаната седница.

Зема збор претседателот на Комисијата за урбанизам Зоран Краљевски, кој посочи дека на ден 16.12.2024. во 14 часот се одржа 30-тата седница на Комисијата за урбанистичко планирање. Врз основа на евиденција беше констатирано дека на седницата присуствуваат 3 члена на Комисијата. Според тоа Комисијата за урбанистичко планирање можеше да расправа и полноважно да одлучува. Исто така, на седницата беа присутни претставници на стручните служби од Секторот на урбанистичко планирање и претставници од Секторот за поддршка на Советот. По усвојување на дневниот ред на комисијата за урбанизам се пристапи кон разгледување на точките. Точка број 1 , Предлог-програма за урбанистичко планирање за 2025 година.
Предлог-програмата беше усвоена со 3 гласа за, и како таква се доставува до Советот да ја разледа и истата да ја усвои. Точка број 2, Предлог-програма за активностите на Општина Карпош во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Карпош. Исто така со 3 гласа за, Предлог-програмата беше усвоена од страна на Комисијата, истата се доставува до Советот да ја разледа и усвои.

Претседателот на Совет, ја повика Адријана Јакимовска Панчевска, претседател на Комисијата за финансии, да даде извештај од одржаната седница. Се одржа 42-та седница на Комисијата за финансии и локален економски развој на 16.12.2024 на која се разгледале 20 предлог – точки.
Комисијата му предложува на Советот да ги разгледа и одлучи по истите.

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка и притоа напомена дека во договор со службите таму каде што има измени, заради парите од Влада што стигнале на денот на одржување на седницата (утрото), ќе излегуваат службите и ќе појаснуваат кои се измените за да се знае што гласаат и што не и кои се точните измените.Во оваа програма нема измени, само во програмата за уредување со градежно земјиште има измени.

Зема збор членот на Советот Предраг Станковски, кој посочи дека во врска со Предлог-програмата во областа на располагање за градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, се наведени дури 21 парцела кои се на продажба. Оваа одлука не е во интерес на граѓаните на Бардовци и со оваа одлука, ако се продадат овие дваесет и една (21) парцела, дополнително ќе им се загрози хуманото живеење. Исто така, истакна дека ВМРО ДПМНЕ и коалицијата како советничка група, нема да ја поддржат програмата со ЗА во гласањето, и ги повика останатите советници да размислат како ќе гласаат, бидејќи не е во интерес на граѓаните.

Зема збор Градоначалникот, кој изјави дека Општина Карпош во изминативе 24-ри години има направено енормни инвестиции во урбаната заедница Бардовци. Од подобрување на водоснабдувањето кое го правеше Андреј Петров, преку канализациона мрежа, фекална канализација која што е направена уште во 2002 или 2003 година, и тоа навистина беше голема инвестиција, мрежата беше 8.5 километри, појаснување 8,5 километри е од мостот на Сарај до зградата на Тифани во Центар. Улици, тротоари, осветлувања, реконструкција на основното училиште, реконструкција на спортските терени, изградба на фонтана со простор за дружење за граѓаните на Бардовци. Поддршка на спортскиот клуб. Минатата година таму Општина Карпош копаше бунари за наводнување. Покрај тоа што Општина Карпош вложува за поплочување на оние улички што се останати како непоплочени, со средствата што ги доделува Владата, најголем дел од средствата, значи негде околу (шеесет милиона) 60.000.000 денари, тоа се големи средства се наменети токму за Бардовци, дел за водоснабдување, дел за канализациона мрежа и дел за асфалтирање на улици. Што се однесува до ова што членот на Советот Предраг Станковски го кажува, Градоначалниот репицираше дека многу често добива барања и притисоци токму од граѓани на Бардовци, кои што барат и нивниот дел да биде вклучен за да се урбанизира, а предметните локации кои што се ставени на увид за продажба, а кои се државни, за нив е направен

урбанистички план со сите фази. Значи урбанистичкиот план одел во нацрт верзија, таа нацрт верзија била изложена во урбаната заедница Бардовци, и никој, ама апсолутно никој немал било каква забелешка на бројот на куќите или на начинот како се поставени улиците и било, без било каква забелешка е усвоен тој урбанички план од самите граѓани, туку напротив и тогаш барале да се зголеми опфатот за да бидат офатени што е можно

поголем повеќе делови за урбанизација. Градоначалникот потенцираше дека она што Општина Карпош треба да го направи е да се отвори патот кон Качанички пат или како што се вика влез во Скопје. Значи таа улица треба да се пробие, ќе биде важно за овој дел од граѓаните да се пробие улицата Словенечка и да се направи премин, односно мост преку реката Лепенец. Со тоа драстично ќе се намали притисокот врз движењето на возилата преку надвозникот што е на пругата и во исто време значи дел од возилата ќе бидат насочени кон Качанички пат. Дел по дел се решаваат проблемите. Во изминатиот период, токму урбаната заедница Бардовци е урбана заедница која што се развиваше и која што соодветно се пратеше со соодветна инфраструктура. Покрај ова што треба да се направи излез према Качанички пат, дека треба да се направи таму и некој помал центар за снабдување, како би можеле граѓаните кои што живеат во тој дел од Општината да можат да го користат како Центар за снабдување, за дружење и така натаму. Минатата година Општина Карпош ја реконструираше спортската сала. Се променија прозорите, осветлувањето. Во 2012-та година е реновирано целото училиште и е поставена нова фасада. Се изгради и градинка. Во основното училиште е поставена вештачка трева на спортските терени, односно на фудбалското игралиште. Се планира и на другото игралиште што е во центарот на урбаната заедница и таму да се постави вештачка трева. Така да значи иако количината на средства што се добиваат како комуналии од Бардовци не соодвестуваат со количината на инвестиции во изминатиот дваесетина години, меѓутоа целосен респект кон граѓаните, а пред се кон староседелците кои што живеат во тој дел од Општината и практично цело време општината настојува да ги подобри условите за животот токму на граѓаните за кои што зборува и членот на Советот Предраг Станковски.

За збор се јави Адријана Јакимовска Панчвска, која посочи дека се согласува со членот на Советот Предраг Станковски, а во одреден дел и со Градоначалникот,
бидејќи како Градоначалник има комуникација со дел од жителите во Бардовци, кои се обраќаат за решавање на проблеми, но, поприлично е сигурна дека Предраг е израснат во Бардовци и е во секојдневна комуникација со жителит. Точно ги знае проблемите и аномалиите на ова населено место. Таа нуди еден компромис да се најде. Предложените 21 парцела се премногу, можеби се јавиле неколку изолирани случаи, меѓутоа на поголемиот дел од населеното место ќе се наруши хуманото живеење на населбата. Предложува, да се тргнат парцелите од продажба, да се направат проектите за кои се одобрени финансиски средства од Владата и да се малку вложи во тоа населено место, па понатака до година да се продолжи со урбанизација и со продажба на државно земјиште. Да се им покаже на жителите дека нешто општината прави за нив и супер се одобрените проекти. Одлично и општината што аплицирала, одлично и Владата што ги доделува средствата, меѓутоа да се направи одредена реализација на овие проекти, па понатаму да се продолжи со продажба на останатиот дел од државно земјиште, за да се урбанизира и таа страна на Карпош.

Зема збор Градоначалникој, кој реплицираше на Адријана Јакимовска Панчевска член на Советот замислете нешто Општината градела во Бардовци. Канализација од 8.5 километри, градинка изградила Општината. Училиштето го реновирала комплетно. Скоро сите улици поплочени или асфалтирани, подобрено е водоснабдувањето, направени спортски терени или реконструирани, поставена фонтана. Се одржува хигиена во Бардовци како и секој друг дел. Општината имаше енормни инвестиции, сигурно дваесет и кусур илјади (+20.000) евра во црквата, што побараа од црковниот одбор и тоа се направи. И сега вие ќе кажете, абе да направиме нешто, нешто да видат граѓаните. Ако досега не виделе граѓаните, што е направено за Бардовци, не знам кога ќе видат изјави Градоначалникот. Потоа додаде дека пред дваесет години светилка немаа луѓето во Бардовци. „Ќорава“ светилка. А сега, има ли сокаче, има ли место во Бардовци што не е осветлено? Како во другите делови од Општината Карпош така и во Бардовци. Значи нема дел кој што не е, не е осветлен. Овие инвестиции што сега општината ги добива со финансиски средства од Владата, тоа се токму инвестиции во тој дел каде што ќе се носи одлука за продавање. Тие нема да се изградат одма, значи треба процес додека се добие согласност од Правобранителство, додека тоа се продаде, додека се објави, па пак Правобранителство да се изјасни и така натаму. Да се почне на петти јануари со подготовки, прашања дали можеме до јули месец да се продадат. Ниеден урбанистички план не бил донесен во тајност, а најмалку има причина планот да се донесува во тајност за Бардовци. Потоа Градоначалникот додаде, на тие што им се попречува влезот во плацовите, Општината им понуди да направат урбанистички проект, бидејќи и тие бараа да им биде тој дел урбанизиран, односно да се вцртаат станбени објекти. Општината прифати да им се вцртаат, да донесат урбанистички проект, бидејќи тоа е вон населено место, тоа оди со одобрување од секторот за урбанизам.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 12 гласа ЗА, 9 гласа ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, усвоена е Предлог - Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година.**

Претседателот на Совет, даде пауза од 10 минути.

По паузата се констатираше присутност од 19 членови на Советот со што седницата може да продолжи и полноважно да се одлучува по предлог – точките од дневниот ред.

3. **Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетската ефикасност за 2025 година;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Зема збор Претседателот на Совет, кој потенцираше дека неговото излагање не значи условување на Програмата, има премногу позитивни работи за кои воопшто не се обидува да попречи донесување на истата но одредени точки бара да се сменат. Поточно, во врска со субвенциите за точаци и тротинети, лично бара тротинетите да бидат тргнати од субвенционирањето. Објективните причини се тоа што се во главно нерегулирани. Сепак има тежини и брзина кои што можат да повредат луѓе, има редовно паѓање и повредување, нема конкретна инфраструктура за нив, затоа што се нерегулирани, нема возачки, не се вклопени во сообраќајот на ниту еден начин. Добар дел од децата си се возат на нив, не знаејќи кои правила ги следат, возрасните исто така, и смета дека е неодговорно.

Зема збор Предраг Станковски член на Советот кој истакна дека во врска со оваа точка во делот стерилизација и кастрација на улични мачки. Идејата е добра, но смета дека е само трошање пари. Третманот треба да биде на ниво на Град Скопје, а не парцијално по општини. Бидејќи општината нема регистрација и идентификација на мачки, како ќе се знае како е извршен третманот, мачките ќе мигрираат од една општина во друга, немаме регистар, немаме валидни пасоши за животни. Според него, ова е трошење пари иако идејата е добра треба да се смисли на ниво на Град Скопје.

За збор се јави Татјана Стојановска која изјави дека во однос на Лајка се уште нема одговор на советничко прашање, ако веќе спаѓа кастрацијата на мачки во оваа програма. Смета дека треба да се размисли во однос на Лајка што, како и зошто, затоа што не мора Лајка, еве Шепасти ентузијасти, потоа Хепи шелтер, некое здружение, било кој начин да ние поттикнаме, не само мачките, решавање и на бездомните кучиња. Стануваат се поголем проблем и мора да се почне имплементирање во програми за нивно санирање. Посочи декаимало еден интересен предлогот од страна на граѓани за поставување на вендинг машини за храна за миленици и можност каде што можат тие да застанат, да се скријат, да се покријат. Ги замолила службите ако може да се распрашаат кои се цените на тие вендинг машини? Дали како такви Општината може да ги набави? Исто така, се понуди за соработка со службите за конкретни решенија.

Зема збор Предраг Станковски кој извести дека во моментов има реакции од граѓаните на Бардовци поради продажбата на градежното земјиште.

Претседателот на Совет, посочи да се игнорира излагањето на членот на Советот Предраг Станковски, бидејќи неговиот говор не се однесува на предлог – точката која се дискутира.

Зема збор Претседателот на Совет кој реплицираше и посочи дека Лајка не третираат мачки од простата причина што не може да постигнат, тие со кучињата не постигнуваат. Лично навистина би сакал ова да го извршува Град Скопје, но реално ако се чека на Данела, општината ќе се запали, ќе се запусти. Така што, тоа што можеме сами да го сервисираме смета дека е паметно да го сервисираме како општина а вистинско санирање проблеми бара координација помеѓу властите. Тоа би било Општина Карпош, Град Скопје и најверојатно некој од институциите на државата, така што далеку сме од таков вид на решенија.

Зема збор Градоначалникот, кој истакна дека има бездомни кучиња, но најголем дел од тие бездомни кучиња се означени со прописна менѓушка и тоа значи дека се третирани. И мислам дека оваа активност спроведена некаде од 2009-2010 даде резултат. Посочи дека кога првпат станал градоначалник, 2010-та година, повеќе кучиња имало него деца по улиците. Реално сега нема многу кучиња. Има ама готово да нема куче кое што нема менѓушка. Е сега методот е таков, не ги уништуваат, ги кастрираат и ги враќаат таму, од каде што се земени кучињата. Векот на животниот век на едно бездомно куче е 3 до 5години, оти се разболуваат, ги прегазуваат возила и тие немаат медицински третман. Многу обврски се превеземени од Град Скопје, односно општината мнгу обврски ги извршува уште сега да се превеземе и за кучињата. Градоначалникот смета дека под итно ние треба да се донесе одлука да не смее вкупна тежина на еден камион да помине од (дваесет) 20 тона, и да се инсистира големи багери, гусеничари и така натаму тоа никако да несмее да се движи по улиците по сервисните улици на Општина Карпош. Тоа ги уништува улиците. Значи како резултат на градежите активности, Општината мора да донесе уште еден Правилник со кој што ќе се забрани движење на возила, чија вкупна носивост преминува (дваесет) 20 тона. Со камиони за рудници, се носат земја и песок. Со камиони за рудници! Можете да замислите. А неговата носивост е (дваесет и четири) 24 тона и тој самиот тежи уште 20-тина тона, тоа е (четириесет и пет) 45 тона. Парчиња ги прават улици. Многу пари одат за работи за кои што не сме надлежни како Општина.
Преку (двесте милиона) 200.000.000 денари годишно одат на ученици, училишта, социјала. Може да замислете со (двесте милиона) 200.000.000 денари колку ќе направиме како Општина секоја година? Ако претвориме во улици, рачунајте дека сигурно се 30-тина улици.
Ако претвориме во фасади, рачунајте дека секоја година 20 фасади, 4 години значи 80 фасади. Веќе ниедна, ниедна зграда во Карпош изградена после 1980 година без нова фасада. За жал, комуникацијата со Градот Скопје со јавните претпријатија е апсолутно, на испод секое ниво, нема комуникација. Едноставно нема комуникација. За овие 3 години истакна дека не се одржал ниту еден состанок со ниедно јавно претпријатие, ниту со Градот Скопје за проблеми што ги имаме да се решат..

Зема збор Татјана Стојановска која реплицираше дека не се согласува со Градоначалникот. Во однос на кучињата, исто се толку важни колку тоа да имаме исправна улица, мора да бараме решение. Нека потекне иницијативата од локалната самоуправа. Уште еднаш напомена дека стои на располагање за изнаоѓање решенија.

Зема збор Добрила Андоновска член на Советот, која ја пофали програмата, и како доктор изјави дека како вработена 28-29 години во старата градска болница, најтешка повреда од животно што ја има видела во својата кариера, била повреда од мачка. Што значи дека како што се води сметка за нели за бројот на бездомните кучиња, треба подеднакво да водиме сметка и за мачките. Во однос на инфективните заболувања многу инфективни болести се пренесуваат од мачките. Значи од еден на друг повеќе пренесуваат мачките што се опасни и животно загрозувачки или преоѓаат во хроноцитет кога го напаѓаат целиот организам, вклучувајќи сите органи и мозокот, ги пренесуваат токму мачките. Ќе дојде време кога најверојатно државата ќе сфати дека ова што го прави со вакцинација, не само стерилизација на кучињата, дека треба да се прави и со мачките, затоа што сите болести кои што ги пренесуваат кучињата, вклучувајќи го и беснилото го пренесуваат и мачките. Во однос на Лајка. Лајка е јавно претпријатие, си има директор. Се согласува дека треба да се делува, меѓутоа, тоа веќе не е само проблем на градот Скопје, туку проблем на државата.

Зема збор Градоначалникот, кој посочи дека мора да се направи државен закон во кој што секој што чува домашен миленик, дали се работи за куче или за мачи, на година ипол должен е да го кастрира. Може да не биде кастрирано, само оној што има легална одгедувачница на кучиња, на расни кучиња, или било какво и така натаму, тој може. Сите останати треба да се казнуваат. Проблемот е решлив истакна Градоначалникот. Треба мобилни екипи, хирушки, да одат во едно село, таму да извршат кастрација, па во друго село, па во трето село, да дадат 24-ри часовни или 48 часовни терапии. Па да се вратат и така натаму, за 5 години ќе се види резултат. Но политиката што се води , најважно е што ќе направиме во Брисел и во Вашингтон на кучињата што шетаат и мачките, тоа не е битно. Тоа не е битно и што пренесуваат а има многу лоши болести што ги пренесуваат. Плевмонија пренесуваат, тоа е страшно нешто. Што се однесува на Лајка, основач е градот Скопје, а не задолжуваат ние Општините да дадеме пари. Но дали во Управен одбор има претставник на општината? Директорот кој го назначува градот Скопје, Советот на Град Скопје, а финансиски средства се бараат од општините. Лично Градоначалникот е да се помогне, да се донирам, нека имаат подобри услови. Ама тоа треба да биде доброволна контрибуција на Општината а не обврска, зошто тоа е обврска на Град Скопје. Ако една Општина ги третира кучињата, а други Општини не ги третираат тогаш ништо не сме направиле, кучињата мигрираат, а инаку мачките не мигрираат да знаете изјави Градоначалникот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, усвоена е Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетската ефикасност за 2025 година.**

4. **Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2025 година;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Зема збор членот на Советот Славко Митевски кој постави прашање што се однесува на една точка за крводарителство за кое што се предвидени парични средства, а истата без парични средства е и во Програмата за прослава 49-тата годишнина на Оштина Карпош.Не му делува логично дека крводарителна акција треба да биде во развојна Програма? И постави прашање дали мора така?

Зема збор Александра Теова – раководител на секторот за развој која објасни дека крводарителската акција е веќе 20 години во Програмата за секторот за развој. Крводарителската акција не се организира по повод годишнината на Општината, туку се реализира 2 пати во текот на годината. Едната е во месец јуни, другата е во месец октомври, крај на Октомври, почеток на Ноември и се поклопува со деновите на Општина Карпош кога и прославуваме. Од тие причини, втората крводарителска акција се предвидува како за јубилејот на Општина Карпош. Финансии не се трошат за криводарителската акција, освен во последните 3 години се доделуваат како благодарност, бидејќи последните 20 години, има луѓе кои што со години доаѓаат и донираат крв, хуманитарно секако, и се одлучи на некој начин како еден вид на награда да биде доделување на финансики средства.

Тоа се седум-осум зависно од тоа колку луѓе има јубилејни пати што давале, толку и се наградуваат по 5000 денари.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 15 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, усвоена е Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2025 година.**

5. **Предлог-Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Зема збор Зорица Китанова – раководител на секторот за комунални работи и сообраќај, која објасни дека има измени во предлог – програмата.
Таа истакна дека предложената програма не се менува, освен што се додава, значи се додава сума на одобрените средства од Владата што на денот на седница излегоа во Службен весник и тоа за улици и инфраструктура во Бардовци од вкупна сума педесет и четири милиони и петсто и шест, значи тоа е плус од програмата што беше и на Комисијата и на презентацијата приложена. Сега, односно наместо 194.428.000 денари на тоа ќе се додадат уште 54.500.000 денари. Во програмата ЈДА за улици, значи од Владата се добиени за улица 6, (девет милиони и двесте илјади) 9.200.000 денари, а во ЈДВ тоа е нова ставка, за улица 3Ј (триесет милиони и четрсто илјади) 30.400.000 денари. Во потпрограмата ЈИА, освен претходните (два милиони сто и еден денар) 2.000.101 дена, значи за фекални и атмосферски канализации ќе се додаде и потпрограма ЈИБ за улицата ЗИЕ во вкупна сума од (четиринаесет милиони деветсто и шест илјади) 14.906.000 денари. Тоа е измената од програмата.

Бидејќи никој  друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката со измените ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 15 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, усвоена е Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година.**

6. **Предлог-Програма за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој  друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, усвоена е Програмата за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година.**

7. **Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2025 година;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој  друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, усвоена е Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2025 година.**

8. **Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2025 година;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Претседателот на Совет му даде збор на претседателот на Комисијата за Спорт Дејан Лазаревски да даде извештај од одржаната седница на комисијата.

Зема збор Дејан Лазаревски – претседател на Комисијата за спорт кој посочи дека на 13.12.2024 година, со почеток во 12:00 часот, се одржа 20-тата седница за Комисијата за спорт. Во неа имаше една точка, Предлог-програма за активностите  на Општина Карпош во области  на спорт  за  2025 година, и  со 2 гласа за, и 1 воздржан,  се проследува до Советот.
Исто така, изјави дека имаме еден амандман, да се стави во програмата.
Се однесува на ФК Карев. За прв пат сакаат да одржат детски турнир во Општина  Карпош. Тоа би се одржало од  26 до 29 Јуни. Локацијата е игралиште Локомотива и спортскиот рекреативен центар Карев. По повод тоа  што сакаат детски турнири да одржат во Општина Карпош во нашата Општина ваков детски турнир до сега се нема одржано. Тоа е за генерации, почнувајќи  од  2018 до 2012 година, деца. На турнирот ќе бидат поканети екипи од Македонија и од соседството. Турнирот ќе биде медиумски покриен од маркетинг агенција и бараат (двесте педесет илјади) 250.000 денари, да им се дадат помош.

Зема збор член на Советот Добрила Андоновска која првенствено ја пофали програмата, сеопфатна одлична програма. Истакна дека посебен акцент, се дава во Општината на спортот, и нормално дека ќе поддржи со гласање ЗА предлог – програмата. Потоа, побара објаснување  на точката - Ѕвездите на Карпош, да  се дадат некои детали околу тоа. Исто така бидејќи  секој збор или секое гласање на Советот го скенираат, па потоа препраќаат до Антикорупциска, побара во целната група на точката од програата што се однесува на пензионерите, прецизно да биде напишано за пензионери од Општина Карпош. Поточно каде што стои стратешки насоки и цели, каде што стои спортско рекреативни дружење на двете пензионерски друштва Тафталиџе и Карпош, да стои спортско рекреативно дружење на пензионерите на Општина Карпош.  Во однос на амандманот што се однесува на ФК Карев, нема ништо против но го предупредува членот на Советот Дејан Лазаревски, но бидејќи таму  игра неговиот син и минатата година се дадени сто илјади 100.000 денари и предминатата исто, никој не реагирал до Антикорупциска, го советува сега при гласање, да се иземе од гласање.

Зема збор Градоначалникот, кој изјави дека не е коректно што се пријавуваат до Антикорупциска. Притоа Градоначалникот даде неколку примери, дали членот на Советот Благица Цветановска гласеше за Програма за основното училиште Христијан Тодоровски Карпош? Три години по ред гласа. Потоа, кога се носи Програма за уредување на градежно земјиште за изградба на улици, комуналии, членовите на Советот нели живеат во Општгина Карпош. Тоа значи тој што живее во таа населба не треба да гласа? Кога се носат урбанистички планови, па по 3-4 членови на Совет се од една месна заедница, значи тоа дека не треба да гласаат?
Или ако се носи планот горе за Жданец, Нерези Градоначалникот да не го предложи бидејќи живее таму? Навистина тоа се нелогичности, кои не се коректни.

Претседателот на Совет, праша дали се прифаќа амандманот од членот на Советот Дејан Лазервски. Членовите на Советот едногласно се изјаснија „ЗА“.

Претседателот на Совет праша дали се прифаќа забелешката односно измената на членот на Советот Добрила Андоновска. Членовите на Советот едногласно се изјаснија „ЗА“.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката со измените ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 13 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 3 гласа ВОЗДРЖАНИ, усвоена е Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2025 година.**

9. **Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Зема збор членот на Советот Ивана Петковска, која даде предлог во име на неговата Советничка група, барање да се измени програмата со точка за отварање на дневен центар за лица со посебни потреби. Односно не би требало да има некакви финансиски импликации, освен да се додели зграда, односно објект за таа намена. Уредувањето на објектот би бил извршен преку донации, а стручните служби би се плаќале од самите корисници на месечно ниво.

Зема збор Градоначалникот, кој изјави дека проектот е во ред. Како Министер за труд и социјална политика 18 дневни центри за лица со посебни потреби отвориле 18 дневни центрии и од тогаш, таа практика запре. Но, тоа беа дневни центри за лица со посебни потреби до 18 години, а проблемот настанува уште поголем станува над 18, бидејќи тие

лица како стареат, стануваат се потешки, а нивните родители се понемоќни да ги подигаат, да им овозможува да одат до тоалет, да ги избањаат, да ги легнат, да ги кренат.

Градоначалникот предложи едната барака во која сега е смесен секторот урбанизам по вселување во општинската зграда, да се ослободи за оваа намена. Во зависност колку лица такви ќе имаме, може да биде и за лица до 18 години и лица над 18. Значи таа е негде 320м2. Истакна дека не може да немаме финансиски импликации, како Општина. Прво, просторот мора да се преуреди. Второ, треба да се извести и Министерството дали ќе предвиди средства, дел од тие лица имаат родители кои немаат возила. Треба се донесат со возило. Треба тоа возило мора да биде специјално возило за да се донесе, значи мора да има лифт и така натаму. Значи ќе има трошоци. Но, тоа се наши граѓани треба да им помогнеме. Добро е и да има некој дел за физикална терапија, да има и стручни лица покрај дефектолозите, да има и физиотерапети и психолози, значи педагози. Значи се е тоа убаво, ако се биде по ред како што треба со стручни лица, тоа ќе има и ефект истакна Градоначалникот.

Зема збор членот на Советот Владимир Бислимовски кој изјави дека врз основа на неговото работно искуство, оваа тематика не е воопшто едноставна, сериозна работа е. Почнувајќи од мебел до кадар, до пристап, до работа со семејства. Проблемот не се само деца. Многу поголем проблем е семејството, од каде што доаѓаат децата. Замоли да да се направи сериозна анализа на потреби и трошоци. Затоа што ќе треба стручен кадар. Луѓето не можат да живеат, да функционираат. Со тоа дете треба да има човек врзано цел ден. Асистентот до четири и дома, ама после тоа. Голем дел од тие семејства се растурени заради проблемот во семејството. Има посебно столче, има посебна маса, нема ќошеви, има меко обложено, тоа се трошоци. Може нешто да се импровизирам, меѓутоа нешто не. Истакна дека стои на располагање, има специјални обуки во Германија, на оваа тема, но замоли прво за анализа а потоа се останато.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 17 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, усвоена е Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година.**

10. **Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2025 година;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Зема збор Емилија Арсовска – раководител на одделението за образование која објасни дека во предлог програмата на барање од членови на Советот на комисијата за јавни

дејности додадена е како точка број 19 во Програмата за образование за 2025 година - Бесплатни екскурзии за ученици чии семејства се приматени на социјална помош. Направена е комплетна анализа и добиени се податоци од основните училишта. На екскурзија одат учениците од 5-то одделение настава во природа, каде што може да се реализира од 3 до 5 дена, значи од две па до четири иноќевања, учениците од 6-то одделение, кои што одат едно ноќевање, 2 дена и учениците од 9-то одделение, кои што одат две ноќевања 3 дена. Во оваа категорија на приматели на социјална помош предвидена е рамка од (двеста илјади) 200.000 денари.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 14 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, усвоена е Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2025 година.**

11. **Предлог-Програма за активностите во областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2025 година;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 13 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, усвоена е Програмата за активностите во областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2025 година.**

12. **Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2025 година;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 13 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, усвоена е Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2025 година.**

13. **Предлог-Програма за активностите на Општина Карпош во областа на еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2025 година;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Зема збор Виолета Михајловска – Координатор за еднакви можности меѓу мажите и жените која ја образложи програмата согласно материјалите доставени до членовите на Советот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, усвоена е Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2025 година.**

14. **Предлог-Програма за одбележување на 49-годишнината од формирањето на Општина Карпош;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 14 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ, усвоена е Програмата за одбележување на 49-годишнината од формирањето на Општина Карпош**

15. **Предлог-Програма за уривање на објекти кои се бесправно изградени на територија на Општина Карпош и асистенција за 2025 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, усвоена е Програмата за уривање на објекти кои се бесправно изградени на територија на Општина Карпош и асистенција за 2025 година**

16. **Предлог-Буџет на Општина Карпош за 2025 година;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Зема збор Мирјана Ѓорѓиевска – раководител на секторот за финансии, која го образложи предлог – Буџетот на начин што цитирам:
„Што се однесува до Буџетот за 2025 година, тој е изготвен врз основа на соодветниот Закон за буџет и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, којшто знаеме дека претставува нели годишен план на приходи, приливи, расходи и одобрени средства. Меѓутоа според Законот за изменување на буџетот и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа што се донесе во 2022 година, ние имаме ограничување каде што за оваа година, ограничувањата се во врска со планираните приходи, се во износ од 10% од планираните, односно реализираните приходи од минатите 3 години.
А со тоа, ако би имаме добра реализација на Буџетот во 3-от квартал, значи после 30.09 односно 30-ти Септември, во Октомври кога ќе правиме ребаланс. Меѓутоа може да правиме ребаланс само ако имаме 75% реализација на остварените приходи и сега ќе ни дозволат Министерство за финансии да ги зголемиме планираните приходи за 20%. Што се однесува до Министерство за финансии нели секоја година известува Општината колкави ќе бидат приходите за оваа буџетска година. За оваа буџетска година беа предвидени средства (седумсто четириесет и осум) 748.000.000 милиона, но морам да кажам нели денеска она што излезе во Службен весник, се некаде околу педесет и пет милиона 55.000.000, сега ќе ми дозволите во реализација јас сето тоа убаво да го спакувам, пошто нели денеска не можев тоа да го средам точно, пошто нели мора на три нули да биде буџетот, а средствата кои што ни се доделени од Министерствата се завршуваат нели на децимали и морам на да го средам, ќе ми дозволите нели во реализација точно до бројка да биде, за да може финансии да ни го вчита буџетот. Значи сега некаде планираниот буџет на општинска администрација плус минус ќе биде (осумсто три милиона четрсто деведесет илјади) 803.490.000 денари, заедно со самофинансирачките активности на училиштата и градинките (седумдесет и девет милиона) 79.000.000. Блок дотациите што Министерството за труд и социјала и образование ни ги доделува за училиштата и градинките (шесто седумдесет и два милиона и шесто илјади) 672.600.000 денари.
Прихдите од донации коишто пак се за училиштата и градинките се (триесет и два милиона) 32.000.000.или вкупно некаде Буџетот консолидиран за оваа буџетска година ќе биде (една милијарда петсто осумдесет и седум милиона, петсто седумдесет денари) 1.587.000.570 денари. Ви реков плус минус, ќе го корегираме тоа во реализација. Што се однесува до планираните приходи, даночни приходи се некаде околу (шесто педесет милиона) 650.000.000 предвидени оваа година, и тоа се Даноците на доход околу (четириесет и два милиона) 42.000.000 денари. Даноците на имот се (двесте тринаесет милиона) 213.000.000 денари. Ќе видите дека даноците на имот на физички лице отприлика ги оставив со последниот ребаланс, заради тоа што сумите планираме дека и оваа буџетска година ќе бидат реализирани според последниот ребаланс нели, ако има

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

поголеми отстапувања од ова што е предвидено со соодветните ребаланси во текот на годината, тоа ќе го средиме.
Данокот на специфични услови, тоа се од предвидени се средства (триста девеесет и четири милиона), 394.000.000 денари тоа се за средства што ги собира Општината од фирмарина (седум милиона) 7.000.000 денари, од регистрација на возила (седум милиона), 7.000.000 денари. Од оддржување на јавно осветлување нели ЕВН што ни ги доставува средствата што ги собира од граѓаните за улично светло (шеесет милиона) 60.000.000 денари. За комуналната такса пред просторот некаде се предвидени (четири милиона) 4.000.000 денари. За уредување на градежно земјиште (триста петнаесет милиони) 315.000.000 денари, додека за Административни такси (два милиони) 2.000.000.денари, за закупнини (четири милиони) 4.000.000 денари. Се предвидени средства за продажба на изградено, на неизградено градежно земјиште околу (десет милиона), 10.000.000 денари меѓутоа она сепак, нели, за да доформување, знаете, на парцели, кај што мора да имаме и вакво конто, не е голема некоја сума што ќе се добие во текот на годината, меѓутоа како приходна ставка мора да ја имаме.
Бесправно изградените објекти се предвидени околу (два милиона) 2.000.000 денари. Знаете во минатото оваа ставка беше исто така доста висока, меѓутоа веќе се решаваат нели предметите и многу малце остануваат само значи оние што се, нели што имаат проблем граѓаните и некаде предвидуваме дека два милиона ќе се реализираат во текот на годината. Додека трансфери од други нивоа на власт или трансфери од буџетите, тоа е од фондот за патишта повторно (пет милиона двесте триесет и осум) 5.238.000 денари ни доставува Фондот, за користење нели според онаа формулата 50, 30 и 20 % да се троши.
Од ДДВ- то Министерството за финансии не извести дека (дваесет и шест милиона) 26.000.000 ќе ни додели во за оваа буџетска година. Меѓутоа морам да Ве известам дека во Март они прават некоја пресметка и сигурно ќе ни доделат уште средства, па затоа може Март, Април да правиме, а може и порано, нели ребаланс заради тоа што имаме нели проекти кои што Владата може да ни ги додели, кои што ги имаме доставено до нејзе како што беше случајов денеска, нели да не известат дека ни одобруваат проекти и тие ќе мора да ги вметнеме. Значи сега дали ќе биде Јануари и Февруари, ќе видиме како ќе се одвиваат работите од соодветните министерства. Капитални трансфери од други нивоа на власт беа сигурни (пет милиона и деветсто) 5.900.000 денари нели двата проекти кои што бевме информирани, но околу (педесет и пет милиона) 55.000.000 денари со двата денеска што ги добивме проекти, значи некаде околу (шеесет и еден милион) 61.000.000 денари имаме до сега добиено, ќе добиеме уствари средства од Владата, пошто тие се по принцип кога ќе доставите соодветна ситуација, сега ќе ви ги достават на посебните сметки средствата.Не е како минатата година што Владата ги даде средствата во Декември, па подоцна ние ги користевме. Сега имаме случај каде што она сешто не е искористено треба да го вратиме. А овдека според ситуацијата што ќе ја доставиме толку средства ќе повлечеме на соодветните сметки.
Што се однесува до расходниот дел, значи парално на приходите, следуваат и расходите. Програмата Совет, знаете трите програми се пред се за тековни Совет, градоначалник и општинска администрација, се тековни расходи, додека другите се сите соопфатени со соодветните Програми, кои што денеска ги поминавме на Советот. Советот - програма е некаде сега, ќе видите драстично намалено (осумнаест милиона и осумсто) 18.800.000

деенари, заради тоа што минатата, нели е пошто ја има и претходната колона, гледате дека е повисока сумата, тоа е благодарение на тоа што го исплативме кредитот кој што го имавме кон деловните банки. И ни останаа уште два кредита кој што ги имаме кон Светска банка. Тие се за камата седум, за камата два милиона се извинувам и ратите седум милиона. Тие два пати се плаќаат во Февруари и во Аавгуст, два пати годишно не е секој месец. Значи, ако имаме средства, јас се надевам дека дел едниот ќе биде исплатен пошто при крај е тој, вториот има подолг период што треба да се исплаќа. Меѓутоа сумата гледате не е многу голема како што беше оној од деловната банка. Додека следната програма е за Изборни активности, знаете дека оваа година има локални избори, меѓутоа ние освоивме само (милион) 1.000.000 денари за да не врзуваме средства, а таа сума некаде ќе биде сигурно околу (петнаесет милиона) 15.000.000 денари со некои од следните ребаланси ќе го обезбедиме и тоа. Сега да не врзуваме со овој прв буџет толку пари а тоа исплаќањето е некаде Ноември-Декември, значи само еден милион колку да имаме како ставка. Што се однесува до Градоначалник се одвоени средства (два милиона шесто дваесет) 2.620.000 денари. Тука се само платата на градоначалникот и патувањата патни и дневни во случајот нели, ако патува. Додека трансферите гледате дека за пензионирање и други трансфери се тргнати од оваа програма, заради тоа што Министерство за финансии не извести дека овие пензионирања опремнини што ги исплаќавме и посмртнини, сега треба да си бидат во соодветните програми, односно во образование, бараат и во детска заштита. Се тргаат од програмата градоначалник. Месна самоуправа износот е милион, (еден милион триста педесет и пет илјади), 1.350.000 денари тоа се за комуналните услови за месните заедници што ги плаќаме, како и програмата што ја усвоивме за други трансфери, (четрсто илјади) 400.000 денари, нели она за вирските празници.

Општинска администрација предвидени се (двесте триесет и седум милиона) 237.000.000 денари. Тука се платите на вработените, патувања, комуналните услуги и сето она што е потребно за нормално функционирање на општинската администрација. Додека капитални трошоци на Општината пак, закупување на информатички видео, информатички видео опрема се предвидени (пет милиони) 5.000.000 денари. Ова е согласно нели програмата за информатика, додека тука имаме и набавката на општинската зграда, вкупно се (пеесет и еден милион), 51.000.000 денари меѓутоа сите средства не се за зградата, заради тоа што имаме дел одвоено за некој, мислам дека на, се договоривме на корординацијата, на некни што имавме една, еден состанок дека (милион и триста) 1.300.000 денари одвојуваме за Св. Атанас во Влае да направиме некој дел од верски објект или не знам што им е потребно на граѓаните, тоа е околу милион и триста дел имам судско-извршно околу (шест милиона) 6.000.000 денари и остатокот што ќе остане е за општинската зграда,некој (четириесет и шест милиона) 46.000.000 денари. 6.000.000 денари, да за судско извршно што треба да го завршиме за алкон, (милион и триста), 1.300.000 е за Св. Атанас а останатите средства се за општинската зграда да ја дозавршиме. Се надеваме дека со овие средства ќе се заврши комплет се.

Додека за урбанистичко планирање се предвидени (два милиона денари), 2.000.000 денари за уредување на градежно земјиште односно за рушење (четири милиона)

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

4.000.000 денари, за подготовка на проект (четири милиона и петсо), 4.500.000 денари, ставивме четири милиона и петсо, ова се за да може нели да плаќаме проекти што треба да аплицираме во Влада, ни се потребни средства за да изготвиме проекти. За изградба на фекална и атмосферска канализација се (дванаес милион осумсто девеесет и девет иљади) 12.899.000 денари. И надомест за одземен имот имаме (сто пет) 105.000 иљади. Меѓутоа тука е знаете судското извршно, што ги имаме кон за експропријација, за Инвестмент односно, нели знаете, СветобПиваре, кој што морам да го плаќам осум милиона е секој месец рата, додека не добиеме нели судска разврска на сето ова. За поддршка за локален развој се предвидени согласно Програмата (пет милиона и деветсто иљади) 5.900.000 денари. За енергетска ефикасност е (триесет и два милиона) 32.000.000 денари, тука се фасади, лифтови, кровови.

Додека за одржување на урбана опрема согласно програмата се (дванаесет милиона) 12.000.000 денари предвидени. За јавно осветлување за електрична енергија се (единаесет милиона) 11.000.000 денари предвидени.

За одржување на двата реона по два милиона, односно (четири милиона) 4.000.000 денари. За јавна чистота, согласно програмата (четириесет и четири милиона) 44.000.000 денари, тоа се се она што им е потребно на колегите кои што ја одржуваат јавната хигиена, за горива и масла, за потрошен материјал, како и за привремени вработувања, односно за нивните плати. За одржување на локални патишта се предвидени (пет милиона и шесто) 5.600.000 денари. Одвека, еден дел имаме нели од фондот за патишта за зимската служба, а додека за крпење на ударни дупки (еден милион и петсто) 1.500.000 денари и (милион) 1.000.000 е зимска служба, а остатокот до (пет и шесто) 5.600.000 денари се е терет на Општината. Додека за одржување и користење на паркови и зеленило се предвидени согласно програмата (пет милиона и сто) 5.100.000 денари. За изградба на јавно осветлување, туку имаме (милион и седумсто пеесет) 1,750.00 денари за да ги досредиме лед сијалиците, кои што нели знаете, беше во развојна програма, претходните три, односно две години плаќавме, сега треба еве (триесет и седум милиона) 37.000.000 денари да ја доплатиме последната рата. Меѓутоа излезе дека имаа некои сијалици кои што не биле опфатени во некои месни заедници, но околу (милион и седумсто) 1.700.000 денари колегите согласно нивната програма ставивме и во буџет. И за изградба на ново осветлување некаде околу (пет милиона) 5.000.000 денари, но од тоа дел ќе бидат и обврска да ќе се прелеат од оваа година, пошто касно се распишаа некои тендери согласно ребалансот. Голем дел од сумите ќе се прелеат и од минатата година затоа што знаете дека ребалансот го правевме многу доцна и со јавните набавки не можат колегите да стасаат и сето она да се изработ и на терен и да се исплати пошто трезорот работи до 23.12, затоа дел и од тие јавни набавки ќе се префрлат и во наредната буџетска година.

Следната програма е за улици и патишта. Таму се превидени (осумнаес милиона и деветсто) 18.900.000 денари тоа се наши средства, додека сега тука ќе се вметне рехабилитација на улица Трнодол од (три милион осумсто седумдесет пет) 3.875.000 денари, тоа е од Влада. Денеска што ги добивме средствата исто за улица Бардовци (девет милиона сто пеесет три) 9.153.000 денари, тука ќе отворам посебна развојна програма ЈДБ ќе биде. И уште една програма ќе биде ЈДВ и таа е за Бардовци, нели согласно денеска што ни ги доставија парите некаде според пресметка на колегите, околу (триесет милиона) 30.000.000 денари ќе биде третата програма. Додека понатака имаме за паркинг простор

(еден милион и сто) 1.100.000 денари согласно Програмата.
За изградба на фекална канализација во Бардовци, барат исто нели посебна Програма. Јас сметав дека ова во ФА ќе биде програмата, Министерство за финансии инсистира да бидево Ј програмата, изградба на фекална канализација (два милиона и сто) 2.100.000 денари тие се исто средства од Владата. Како и уште една програма ќе додадеме ЈИБ, денеска ќе ја додадам согласно парите што не ги даде Влада некаде околу (петнаес милиона) 15.000.000 денари Значи ваму улицата е триесет и петнаесет, (четириесет и пет) 45.000.000 денари колку што, нели според Службен весник што ни даваат средства. Со измените, да ја за тоа кажав и кога почнав, нели сумата ќе биде зголемена за овие (педесет и пет милиона) 55.000.000 денари. За паркови и зеленило, според програмата се одвоени (три милиона и петсто) 3.500.000 денари за урбана опрема, за нова урбана опрема, значи (еден милион и петсто) 1.500.000 денари. За култура, (три милиона и осумсто) 3.800.000 денари, значи согласно Програмата за култура. За спорт, се (осум милиона и петсто) 8.500.000 денари, нели согласно Програмата за спорт што ја донесовме. За спорт и рекреација, меѓутоа за капитални трошоци ова е за изградба на оние детските игралишта, меѓутоа оној, како да речам, долниот дел што го прават, нели е капитална, тоа е изградбата, е капитална инвестиција, не е од горе во спорт, него капитален трошок е од (шест милиона) 6.000.000 денари, што ги правиме нели училиштата две-три направивме, уште мислам дека неколку останаа да се доградат. За основно образование, според нашиот буџет доделуваме (триесет и два милиона) 32.000.000 денари, тоа се од нашиот Буџет. Од самофинансирачки се (дванаесет милиона) 12.000.000 денари нивните пари. Од блок дотации за училиштвата се (четрсто шеесет милиона) 460.000 000 денари. Тоа е пред, нели да не ги читам, тоа е предвидено според нивните, јас им ја давам сумата, ти ја распоредуваат според нивните потреби.
Додека за капитални расходи за основно образование, меѓутоа за ние нашата Општина што да доделува за училишта и за училишта уствари е само (деветнаес милиона и триста), 19.300.000 денари од кој што (седумнаесет милиона) 17.000.000 денари согласно Програмата за образование даваме за информатичка опрема и (два милиона) 2.000.000 денари за реконструкција на односно тоа се итни интервенции, во случај нели, ако нешто се случи кај училиштата да имаме тендер веднаш да реагираме. Значи вкупно (деветнаес милиона) 19.000.000 денари даваме на оваа Програма. За заштита и спасување согласно програмата даваме (пет милиона) 5.000.000 денари, нели согласно потребите на оваа Програма. За заштита на животна средина (четири милиона петсто пеесет) 4.550.000 денари. Оваа програма е заедно за заштита и спасување, тука нели е леапот и оние трансферите што ги даваме за велосипеди и за тротинети. За детски градинки Општината дава (два милиона седумсто дваесет) 2.720.000 денари, самофинансирачките нивни се (педесет и шест милиона) 56.000.000 денари и блог дотациите се (двесте и дванаесет милиони) 212.000.000 денари. Исто се распоредени и за градинките, според потребите како што тие бараат. И на крај капиталните трошоци за детски градинки, Општината дава (десет милиона и шесто) 10.600.000 денари, каде што гледате (два милиона) 2.000.000

денари се за изготвување на проекти, а реконструкција се шест, (осум милиона и двеста) 8.200.000 денари.
(Шест милиона) 6.000.000 денари е наше учество за изградбата на градинката, мислам дека беше Пролет. Мајски цвет имаме проект кој што чекаме Владата да го достави, а за Пролет имаме реконструкција каде што нашето учество е (шест милиона) 6.000.000 денари. Меѓутоа ја ставивме (осум милиона) 8.000.000 денари, да не случајно испадне некоја поголема сума, па да не правиме нели веднаш ребаланс за да може да излеземе во пресрет. И на крај програмата родова еднаквост од (милион и седумсто) 1.700.000 денари.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, усвоен е Буџетот на Општина Карпош за 2025 година**

17. **Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, усвоена е Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година**

18. **Предлог-Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2025 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, усвоена е Одлуката за утврдување на благајнички максимум за 2025 година.**

19. **Предлог-Одлука за вредноста на бодот на платите на државните службеници за 2025 година;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, усвоена е Одлуката за вредноста на бодот на платите на државните службеници за 2025 година**

20. **Предлог-Буџетски календар за 2025 година,**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 14 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, усвоен е Предлог - Буџетскиот календар за 2025 година.**

21. **Предлог-Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош за 2025 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, усвоен е Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош за 2025 година.**

22. **Предлог-Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош за 2025 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**По спроведеното гласање со 16 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, усвоен е Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош за 2025 година.**

23. **Предлог-Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисијата за доделување на еднократна парична помош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година**

Претседателот на Совет ја повика Александра Антевска – претседател н Комисијата за верификација и мандатни прашања која даде извештај од одржаната комисија.

Зема збор Александра Антевска - претседател н Комисијата за верификација и мандантни прашања која даде извештај дека на ден 13.12.2024 година, се одржа 32-та седница на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашање, избори и именувања, на која беа разгледани 6 точки на дневен ред кои се проследуваат до Советот на разгледување и одлучување.

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 14 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, усвоено е Решението за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисијата за доделување на еднократна парична помош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година**

24. **Предлог-Решение именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисија за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 14 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, усвоено е Решението именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисија за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година.**

25. **Предлог-Решение за именување-верификација членови на Советот на Општина Карпош за членови во Комисијата за Карпошово културно лето 2025, Еднократна финансиска поддршка за културни активности и Финансиска поддршка за проекти од културата за 2025 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 15 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, усвоено е Решението за именување-верификација членови на Советот на Општина Карпош за членови во Комисијата за Карпошово културно лето 2025, Еднократна финансиска поддршка за културни активности и Финансиска поддршка за проекти од културата за 2025 година.**

26. **Предлог-Решение за именување - верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за членови во Комисијата за Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение, Еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација и Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош за 2025 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 14 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, усвоено е Решението за именување - верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за членови во Комисијата за Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение, Еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација и Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош за 2025 година**

27. **Предлог-Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисијата за активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2025 година**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, усвоено е Решението за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисијата за активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2025 година.**

28. **Предлог-Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисијата за активности на Општина Карпош од областа на образованието за награда за најдобро уреден ЕКО училишен двор/катче за 2025 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со** 16 **гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, усвоено е Решението за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисијата за активности на Општина Карпош од областа на образованието за награда за најдобро уреден ЕКО училишен двор/катче за 2025 година.**

**29. Предлог-Одлука за прифаќање движни ствари на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија - Министерство за образование и наука за потребите на ООУ „Петар Поп Арсов“, Општина Карпош Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, усвоена е Одлуката за прифаќање движни ствари на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија - Министерство за образование и наука за потребите на ООУ „Петар Поп Арсов“, Општина Карпош Скопје.**

По исцрпување на точките од дневниот ред, Претседателот на Советот ја затвори 58.

редовна седница на Советот на Општина Карпош која заврши во 13:37 часот.

Изработил: Јелена Цветковиќ

**Број: 09-2483/8**
**Датум: 13.03.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА**
**Бранко Ристов**